ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА НА УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (787)

01 2024 03 10/3

**Скопје, јули 2024 година**

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Управата за хидрометеоролошки работи, на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2023 година.

Со извршената ревизија изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење без резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со законската регулатива, упатства и воспоставени политики за 2023 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Управата за хидрометеоролошки работи за 2018 година, при што е изразено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и неповолно мислење за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2018 година презентирано како прилог број 1 кон овој Извештај, при што констатиравме дека дадена е една препорака и истата е спроведена.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност на Управата за хидрометеоролошки работи на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2023 година утврдивме неправилности во начинот на извршување на пописот на побарувањата и обврските.

Во делот за Клучните прашања го истакнавме начинот на кој се остваруваат приходите на УХМР, како и потребата од неодложни измени и прецизирање на одредбите во Законот за хидрометеоролошка дејност, како и донесување на нов Тарифник за цените на услугите во дејноста на УХМР усогласен со цените на пазарот со цел зголемување на средствата, покривање на расходите што се прават по тој основ како и вложувања и инвестирања во нова опрема.

Од страна на законскиот застапник на Управата за хидрометеоролошки работи не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# С О Д Р Ж И Н А

| **Опис** | **Страна** |
|---|---|


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за мислење со резерва за финансиските извештаи | 2 |
| 4. | Клучни ревизорски прашања | 3 |
| 5. | Законска основа за ревизијата и временски период | 5 |
| 6. | Опфат и ограничувања | 6 |
| 7. | Одговорност за финансиски извештаи | 6 |
| 8. | Одговорност на ревизорите | 6 |
| 9. | Корекции за време на ревизијата | 8 |
| 10. | Одговор на ревидираниот субјект | 8 |
| Финансиски извештаи за 2023 година | | |
| Биланс на приходи и расходи | | 9 |
| Биланс на состојба | | 10 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | | |
| Вовед | | 11 |
| Сметководствени политики | | 11 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | | 12 |

ПРИЛОЗИ:
Прилог број 1 Известување за проверка на спроведување на препораките

**Список на кратенки**

| | |
|---|---|
| РМ | Република Македонија |
| Владата | Влада на Република Северна Македонија |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| УХМР | Управата за хидрометеоролошки работи |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:22-138/17**
**Дата: 23.07.2024**

## 1. Вовед

Орган на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на хидрометеоролошката дејност е Управата за хидрометеоролошки работи како орган на државната управа во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Со Законот за хидрометеоролошка дејност се уредува функционирањето на хидрометеоролошката дејност во Република Северна Македонија и надлежностите на Управата за хидрометеоролошки работи.

УХМР во рамките на своите надлежности остварува приходи и од самофинансирачки активности кои се предвидени во Законот за хидрометеоролошка дејност и тоа по основ на: дадени податоци и продукти кои се анализирани и обработени од измерените метеоролошки, климатолошки и агрометеоролошки елементи и/или параметри, мерења и истражувања кои се вршат со соларна тест лабораторија, податоци од хидролошки станици кои не припаѓаат во државната мрежа на станици за водостои и проток на вода, мерења од областа на хидрологијата, мерења на содржините на загадувачките материи во воздухоти водите, прогноза на времето, податоци за заштита од град и други видови на вештачко влијание на времето и други услуги од својата дејност.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна 9 и 10 на Управата за хидрометеоролошки работи, за 2023 година на сметката на средства од самофинансирачки активности (787), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Управата за хидрометеоролошки работи, на сметката на средства од самофинансирачки активности (787) за 2023 година, со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Управата за хидрометеоролошки работи на сметката на средства од самофинансирачки активности (787) на ден 31 декември 2023 година како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, на Управата за хидрометеоролошки работи на сметката на средства од самофинансирачки активности (787) за 2023 година во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за мислење со резерва за финансиските извештаи

3.1.1. Наодот од точка 3.1.1. од Конечниот извештај за сметката на основен буџет (637), во врска со начинот на извршениот попис на побарувањата и обврските, се однесува и има влијание на мислењето за финансиските

извештаи и на сметката на средства од самофинансирачки активности (787).

## 4. Клучни ревизорски прашања

Дополнително покрај состојбите опишани во основот за мислење со резерва за финансиските извештаи, ревизијата го идентификуваше следното прашање подолу како клучно ревизорско прашање кое е комуницрано со одговорното лице на УХМР.

***<u>Остварување на приходи од хидрометеоролошка дејност на УХМР</u>***

**4.1.** УХМР на сметката од самофинансирачки активности (787) остварува приходи од хидрометеоролошката дејност од извршените услуги од метеорологија, хидролошки мерења, прогноза на време, кои во 2023 година се остварени во вкупен износ од 18.480 иљади денари, во 2022 година изнесувале 72.965 иљади денари, што е помалку за 395 %. Разликата произлегува од приливот на средства во 2022 година во износ од 65.000 иљади денари, трансфер од МЗШВ за засејување на облаци за заштита од град, кои во 2023 година не се реализирале.

**Графикон број 1**

во 000 денари




Согласно член 23 од Законот за хидрометеоролошка дејност, УХМР доставува хидрометеоролошки податоци и продукти на корисниците по нивно барање. УХМР на барање на корисниците без надоместок издава тековни, актуелни податоци регистрирани во реално време. Исто така УХМР по барање на корисниците, издава обработени хидрометеоролошки податоци и продукти од својата архива. Трошоците за издавање на податоци и продукти ги сноси корисникот и се приход на Буџетот на Република Македонија. Владата на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува тарифник за висина на надоместокот на реално направените трошоци за вршење на услугите на давање хидрометеоролошки податоци и продукти.

Ревизијата истакнува дека одредбите од член 23 од Законот укажуваат дека услугите на УХМР се приход на Буџетот а од друга страна дека Владата за извршените услуги на УХМР носи Тарифник за реално направените трошоци за вршење на услугите од давање хидрометеоролошки податоци и продукти кои услуги

согласно член 37-б од стариот Закон за буџетите[1] , одредби кои се уште се во важност, пропишува дека буџетските корисници кои со закон се овластени да вршат наплата на приходите и другите приливи на основниот буџет, се одговорни за целосната и навремената наплата на истите и се одговорни за целосната и навремената наплата на приходите кои ги остваруваат од вршење на работите од својата надлежност/дејност. Наплатените, а неискористени приходи на крајот на фискалната година се пренесуваат во наредната година. Согласно Упатството за трезорското работење овие приходи државните органи треба да ги остваруваат на сметката на основен буџет (631). Оваа одредба е преточена и во член 44 од новиот Закон за буџети[2].

Со извршените ревизорски постапки и анализи на начинот на остварување на приходите од хидрометеоролошката дејност во претходниот период и во 2023 година во УХМР имаме обврска да го истакнеме следното:

- услугите се наплатуваат по Тарифник за висина на надоместокот на реално направени трошоци за вршење на услуги на давање хидрометеоролошки податоци и продукти од архивата на УХМР донесен во 2009 година[3], за кој во 2015 година направен е обид за негово ажурирање и предлогот е доставен на усвојување до Владата, но истиот е повлечен за негова доработка. До денот на вршење на ревизијата, иако се поминати над 14 години истиот не е променет и не е повторно ажуриран и усогласен со реалните цените на услугите имајќи ги во предвид инфлаторните движења и зголемувањата на цените на пазарот. Истакнуваме дека УХМР има потреба од приходи од својата дејност кои треба да овозможат нови набавки и осовременување и модернизација на опремата имајќи предвид дека набавките се вршат во голем дел и од меѓународни донации, кои состојби се истакнати во точка 4.4. на сметката на основен буџет (637);
- начинот на фактурирање за издавање на податоци и продукти кои се анализирани од измерените хидролошки елементи не е усогласена со пропишаните критериуми односно зададената формула од член 5 реден број 7 од Тарифникот, што се должи на грешка во формулата од Тарифникот, што влијае на неможност од потврдување на целосноста и точноста на остварените приходи по овој основ;
- во делот на фактурирање на услугите нема воедначен пристап односно поедноставните услуги кои не бараат сложени пресметки биле пресметувани без вклучен ДДВ и уплатите се вршеле на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија[4], додека останатите услуги од дејноста заклучно со 30.09.2023 година биле пресметувани со вклучен ДДВ и уплатите се вршеле на

[1] („Службен весник на РМ“ бр. 64/05...167/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/21)
[2] („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/2022, 59/2023)
[3] („Службен весник на Република Македонија“ бр.33/99)
[4] Приходот по овој основ во 2023 година е во износ од 190 илјади денари.

сметката од самофинансирачки активности на УХМР. Истакнуваме дека овие услуги согласно со член 10 од Законот за додадена вредност се ослободени од ДДВ[5]. Почнувајќи од 01.10.2023 година, остварените приходи по сите основи се уплатуваат во трезорската сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.

Горенаведените состојби укажуваат на не прецизни законски одредби, неконзистентност и неизвесност во начинот на пресметување и остварување на приходите на УХМР како и потреба од неодложни измени и прецизирање на одредбите во Законот за хидрометеоролошка дејност кои се однесуваат на начинот на остварувањето на приходите и донесување на нов Тарифник за цените во дејноста на УХМР усогласен со цените на пазарот, со цел покривање на расходите што се прават по тој основ како и обезбедување доволни финансиски средства за вложувања и инвестирања во нова опрема.

**5. Законска основа за ревизијата и временски период**

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 01.03.2024 до 22.05.2024 година, кај Управата за хидрометеоролошки работи на сметката на средства од самофинансирачки активности (787), од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност кај Управата за хидрометеоролошки работи за 2018 година, при што е изразено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и неповолно мислење за усогласеноста со закони и прописи.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2018 година на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) презентирано како прилог кон овој Извештај, при што констатиравме дека дадена е една препорака и истата е спроведена.

[5] Член 10 од Законот за ДДВ Државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и другите јавно-правни тела не се даночни обврзници за оној дел од нивните дејности, што се ограничува на извршувањето на јавни функции, дури и ако во врска со тие дејности наплатуваат даноци, такси, придонеси или други давачки. (2) Државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и другите јавно-правни тела се даночни обврзници во случаите, доколку во рамките на одредена стопанска дејност вршат промет, кој според овој закон е оданочив кај другите даночни обврзници.

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 7. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Управата за хидрометеоролошки работи, застапувано од:

- Ивица Тодоровски, в.д. директор од 15.02.2022 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на УХМР, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Од прашањата за кои се дискутирало со оние кои се одговорни за управувањето, ги одредуваме прашањата кои биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и затоа се клучни ревизорски прашања. Ги опишуваме овие прашања во ревизорскиот извештај, освен ако закон или регулатива не го исклучуваат јавното објавување на ова прашање или кога, во исклучително ретки околности, утврдуваме дека за прашањето не треба да се известува во нашиот извештај, бидејќи штетните последици од истото би можеле реално да ги надминат придобивките од јавната корист од таквото објавување.

## 9. Корекции за време на ревизијата

Во текот на ревизијата од страна на УХМР извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија и тоа со налог за книжење број 201/10-24 од 20.03.2024 година извршено е прекнижување од сметката Краткорочни финансиски обврски и Обврски за даноци и придонеси од добивка на сметката Други пасивни временски разграничувања во износ од 26 илјади денари што нема влијание на вкупната пасива во Билансот на состојба.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот Управата за хидрометеоролошки работи одржан на ден 15.05.2024 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на законскиот застапник на Управата за хидрометеоролошки работи не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (787)

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 18.480 | 72.965 |
| **Вкупно приходи** | | **18.480** | **72.965** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 729 | 760 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 2.262 | 66.645 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2.991** | **67.405** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 4.248 | 4.215 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **4.248** | **4.215** |
| **Вкупно расходи** | | **7.239** | **71.620** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | 3.4. | **11.241** | **1.345** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | 3.5. | **11.241** | **1.345** |

**СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (787)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2023** | **2022** |
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 11.241 | 1.345 |
| Побарувања | 4.1.2. | 928 | 1.265 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | 1 | -6 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.4. | 25 | -6 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 12.205 | 349 |
| **Вкупно тековни средства** | | **24.400** | **2.947** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **24.400** | **2.947** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 12.205 | 285 |
| Краткорочни финансиски обврски | | 0 | -7 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | | 0 | -7 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 0 | 64 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 12.195 | 2.612 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **24.400** | **2.947** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **24.400** | **2.947** |